Уп. бр.08-141

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Џенертелајф С.п.А. со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија; Женерали Вие С.А., со седиште на адреса Пилет-Вил 2, 75009 Париз, Франција; Џенерали Италија С.п.А. со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија; Генерали Дојчланд АГ, со седиште на адреса Аденауеринг 7-9, 81737 Минхен, Германија; Алеанца Асикурациони С.п.А., со седиште на адреса Пјаца Тре Тори 1, 20145 Милано, Италија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен со седиште на адреса Коенигинштрасе 107, 80802 Минхен, Германија, преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 05.12.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Џенертелајф С.п.А. (*Genertellife S.p.A.*), со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија; Женерали Вие С.А. (*Generali Vie S.A.*), со седиште на адреса Пилет-Вил 2, 75009 Париз, Франција; Џенерали Италија С.п.А. (*Generali Italia S.p.A.*), со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија; Генерали Дојчланд АГ (*Generali Deutschland AG*), со седиште на адреса Аденауеринг 7-9, 81737 Минхен, Германија; Алеанца Асикурациони С.п.А. (*Alleanza Assicurazioni S.p.A.*), со седиште на адреса Пјаца Тре Тори 1, 20145 Милано, Италија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен (*Münchener Rückversicherungs-Gesellschaft Aktiengesellschaft in München*), со седиште на адреса Коенигинштрасе 107, 80802 Минхен, Германија ќе стекнат заедничка контрола над Саксон Ленд Б.В. (*Saxon Land B.V.*), со седиште на Де Ентре 91, 1101ВН, Амстердам, Холандија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на

Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 21.10.2022 година, а дополнето на 31.10.2022 година и 04.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Џенертелајф С.п.А. (*Genertellife S.p.A.*), со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија; Женерали Вие С.А. (*Generali Vie S.A.*), со седиште на адреса Пилет-Вил 2, 75009 Париз, Франција; Џенерали Италија С.п.А. (*Generali Italia S.p.A.*), со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија; Генерали Дојчланд АГ (*Generali Deutschland AG*), со седиште на адреса Аденауеринг 7-9, 81737 Минхен, Германија; Алеанца Асикурациони С.п.А. (*Alleanza Assicurazioni S.p.A.*), со седиште на адреса Пјаца Тре Тори 1, 20145 Милано, Италија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен (*Münchener Rückversicherungs-Gesellschaft Aktiengesellschaft in München*), со седиште на адреса Коенигинштрасе 107, 80802 Минхен, Германија, со која Џенертелајф С.п.А., Италија, Женерали Вие С.А., Франција, Џенерали Италија С.п.А. Италија, Генерали Дојчланд АГ Германија, Алеанца Асикурациони С.п.А., Италија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен Германија ќе стекнат заедничка контрола над Саксон Ленд Б.В. (*Saxon Land B.V.*), со седиште на Де Ентре 91, 1101ВН, Амстердам, Холандија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Џенертелајф С.п.А., Италија, Женерали Вие С.А., Франција, Џенерали Италија С.п.А. Италија, Генерали Дојчланд АГ Германија и Алеанца Асикурациони С.п.А., Италија се дел од групацијата на компании Генерали, предводена од крајното матичното друштво на групацијата, Џенерали С.п.А., Италија (*Generali S.p.A., Italy*). Тие управуваат со бизнисот на Генерали во нивната соодветна земја на основање и се примарно активни во осигурителниот сектор, и нудат решенија за животно осигурување, неживотно осигурување и реосигурување, а активни се и во финансискиот сектор.

Групацијата Генерали има едно претпријатие-ќерка во Северна Македонија, друштвото Генерали Инвестментс АД Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди 14А-1/2, 1000

Скопје, активно на пазарот за управување со инвестициски фондови и со дискрециони портфолија.

Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен Германија е меѓународно осигурително друштво, кое го покрива целиот синџир на вредност на реосигурување, примарно осигурување и решенија за споредни ризици од осигурување, а нуди и услуги за управување со средства.

Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен Германија нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија и оствари само минимален приход во Северна Македонија во 2021 година.

Саксон Ленд Б.В. е друштво за инвестирање во недвижности, кое поседува единствен недвижности, право на закуп во улицата Фенчрч бр. 120, Лондон, ОК (*120 Fenchurch Street, London, UK*), каде што има зграда од 15 ката со прибл. 40.000 м2 деловен и малопродажен простор. Во моментов, Џенертелајф С.п.А., Италија, Женерали Вие С.А., Франција, Џенерали Италија С.п.А. Италија, Генерали Дојчланд АГ Германија и Алеанца Асикурациони С.п.А., Италија заеднички поседуваат 100 % од акциите во Саксон Ленд Б.В. По спроведувањето на концентрацијата, Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен Германија ќе поседува 50 % од акциите во Саксон Ленд Б.В., додека Џенертелајф С.п.А., Италија, Женерали Вие С.А., Франција, Џенерали Италија С.п.А. Италија, Генерали Дојчланд АГ Германија и Алеанца Асикурациони С.п.А., Италија ќе поседуваат 50 % од акциите во Саксон Ленд Б.В.

Саксон Ленд Б.В. нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија, ниту пак поседува средства или генерира приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**